**ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за поддршка на Совет**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

**за формирање на Комисии за селекција за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавните претпријатија основани од Град Скопје**

**Скопје, мај 2026 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 17-а став 4 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“број 213/2024), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на ______________ донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на Комисии за селекција за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавните претпријатија основани од Град Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Град Скопје формира Комисии за селекција за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавните претпријатија основани од Град Скопје.

**Член 2**

Комисиите за селекција од членот 1 на оваа одлука, се составени од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во Градот Скопје и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие основано од Град Скопје за кое е објавен јавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите и тоа:

1. ЈП Водовод и канализација

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Горан Ковчегарски
- Александар Смилков

2. ЈП Комунална хигиена

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Томислав Добревски
- Ана Марија Бранѓолица

3. ЈП Паркови и зеленило

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Фикри Алити
- Ќамиле Рустеми

4. ЈП Градски паркинг

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Дејан Лазаревски
- Дарко Митревски

5. ЈП Улици и патишта

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Виктор Михајловски
- Дејан Димитровски

6. ЈП Лајка

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Горан Ѓорѓиоски
- Тони Трпевски

7. ЈП Депонија Дрисла

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Марјан Гочевски
- Дијана Велјаноска

8. ЈП ЈСП Скопје

- Славче Трпески
- Анѓела Тасева
- Валентина Ѓорѓиевска
- Јулијана Китановска
- Димитар Кочевски
- Анета Стојановска-Блажевска

Член 3

Комисиите за селекција од член 2 ќе ја спроведат постапката во согласност со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 213/2024).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-      /1
мај 2026 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф.д-р Даме Димитровски

## Образложение

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), утврдена е општата надлежност на Советот на Град Скопје.

Согласно член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

Во член 17-а став 4 од истиот закон утврдено е дека за избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите.